Врз основа на член 120, став 2, од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14,132/14,188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/19, 153/19, 180/19 и 275/19) и член 18, став 4, точка 6, од Статутот на Фармацевтска комора на Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 65/12 и 79/16), Собранието на Фармацевтска комора Македонија на седницата одржана на ден 11.6.2020 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат едукаторите во однос на образованието и работното искуство за спроведување на пробна работа на здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат поблиските критериуми во однос на образованието и работното искуство што треба да ги исполнуваат едукаторите под чиј надзор се спроведува пробната работа на здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата (во натамошниот текст: едукатори)

### Член 2

Едукаторите ја спроведуваат пробната работа на здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата (во натамошниот текст: фармацевти) според планот и програмата за пробна работа.

## II. ПОБЛИСКИ КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЕДУКАТОРИТЕ

### Член 3

Едукаторот е здравствен работник со високо образование од областа на фармацијата под чиј надзор се спроведуваат содржините од планот и програмата за пробна работа на фармацевтите за полагање на стручен испит.

За едукатор се определува фармацевт кој ги исполнува следните критериуми:

- да има завршено високо образование од областа на фармацијата,

- да има положен стручен испит, лиценца за работа и најмалку 10 години работно искуство по добивањето на лиценцата за работа,

- за вештините од планот и програмата за пробна работа за кои се неопходни специјалистички знаења и вештини, да има лиценца за работа, соодветна здравствена специјализација и најмалку 5 години работно искуство од специјализацијата,

- да е во работен однос во здравствена установа на неопределено време за време на спроведувањето на едукацијата на фармацевтите, и

- да има сертификат за успешно помината обука за едукатор организирана од Комората.

Член 4

Исполнетоста на критериумите за едукатор ја утврдува Извршниот одбор на Фармацевтската комора на Македонија со одлука.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 5

Постојните едукатори ќе ја спроведуваат пробната работа на фармацевтите до денот на донесување на одлуката од член 4 на овој правилник.

Член 6

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за критериумите што треба да ги исполнуваат здравствените установи и здравствените работници под чиј надзор се спроведува приправничкиот стаж („Службен весник на Република Македонија“, бр. 90/04).

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање согласност од министерот за здравство.

Бр.02-256/7

11.6. 2020 година

Фармацевтска комора на Македонија,

претседател на Собранието на Комората

дипл. фармацевт Имер Имери